Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа (СлужбенВесник на општина Пробиштип бр. 4/2002) и член 21, став 1, точка 43 од Статутот на општинаПробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005), а во врска со член 83, 84 и 85 од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност (Службен Весник на РМ бр.37/1997; 25/2000; 101/2000; 50/2001; 25/2003; 37/2004; 4/2005; 50/2006; 29/2007; 102/2008;161/2008; 50/2010; 88/2010; 51/2011; 11/2012; 80/2012; 114/2012; 39/2014; 44/2014; 113/2014;56/2015; 129/2015; 147/2015; 154/2015; 27/2016; 119/2016; 21/2018; 113/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 124/19), Советот на општина Пробиштип на седницата што се одржа на ден 17.11.2023 година го донесе следниот:

**ПРОГРАМА**
**ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ЈАВНИ РАБОТИ**
**во Општина Пробиштип за 2024 година**

Со цел извршување на работи за одржување и заштита на животната средина и природата,како и одржување на јавната инфраструктура и локалните патишта и улици на територијата на општина Пробиштип се планира чистење на банкини, патни канали, патниот појас на локалната патна мрежа во општина Пробиштип, кастрење на вегетација и чистење на наноси од земја и песок.

Напред наведените работи се од јавен интерес за граѓаните од општината, заради што се планира нивно извршување со времено ангажирање на работници согласно член 84 од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност.

Јавни работи ќе се изведуваат на следните локални патишта и улици:
1. Локален пат Пробиштип – Ратавица - Злетово
2. Улица „Миро Барага"
3. Пешачки патеки во градот Пробиштип
4. Фудбалски и тениски терени во Пробиштип
5. Пешачки патеки и спортски терени во Злетово
6. Локалитет Лесново

Како партнер учесник во реализацијата на планот за извршување на јавни работи на територијата на општина Пробиштип за 2024 година ќе биде ЈКП „Никола Карев" – Пробиштип, кој ќе придонесе со опрема и механизација за извршување на јавните работи.

За извршување на наведените програмски активности ќе бидат ангажирани најмногу 7 лица со скратено работно време од 4 часа дневно односно 30 часа неделно за период од најмногу 11 месеци. За времето и бројот на ангажираните лица ќе одлучи Градоначалникот во зависност од потребите за вршење на јавните работи. Ангажираните лица ќе бидат невработени лица евидентирани во Агенцијата за вработување кои ќе бидат избрани врз основа на јавен оглас.

Општина Пробиштип како организаторот на јавни работи од буџетот на општината ќе ги финансира сите трошоци за извршување на јавните работи кои се однесуваат на алат и опрема, ситен потрошен материјал и надоместок за извршување на јавните работи.

Финанасиски средства потребни за реализација на програмата се:

1. 7 лица х 11 месеци х 12.000 денари надоместок/месец = 924.000,00 денари
2. 7 лица х 11 месеци х 1200 денари персонален данок/месец = 92.400,00 денари
3. 7 лица х 11 месеци х 633 денари осигурување во случај на несреќа при работа и професионално заболување/месец = 48.741,00 денари
4. Трошоци за набавка на алат и заштитна опрема (лопати, копачи, колички, елеци, ракавици и сл.) = 60.000,00 денари
5. Вкупно потребни средства за реализација на планот = 1.125.141,00 денари

Програмата за извршување на јавни работи на територијата на општина Пробиштип за 2024 година стапува во сила со донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Пробиштип и ќе се применува од 01.01.2024 година.

Број 26-1097/22
17.11.2023 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАВАЧ
Борче Миланов